# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**
**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА***

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **а в г у с т, 2023**




**Скопје, 18.09.2023**

Во текот на август 2023 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **957** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **52,1 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец август е за 0,5% поголем во однос на претходниот месец јули 2023 (n=952). Во однос на месец август 2022 (n=517) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 85,1%, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период (n=2.004), се регистрира намалување од 52,2%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2023 година, регистрираните случаи во месец август учествуваат со 11,1%. Кумулативниот број на пријавените во 2023 (n=8.610) е за 2,7 пати зголемен во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=3.208).

***<u>Графикон 1</u>. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2023 и аритметичка средина***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=486; 50,8%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Штип (n=10; 1,0%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Скопје (I=80,1/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Штип (11,3/100.000). *(Графикон 2)*

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во август, 2023***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во август учествуваат со 98,1% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 51,1/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во август, 2023***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Ентероколитиси** | **556** | **30,3** |
| **Овчи сипаници** | **250** | **13,6** |
| **Салмонелози** | **54** | **2,9** |
| **Шуга** | **25** | **1,4** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **21** | **1,1** |
| **Вирусен хепатитис Б** | **8** | **0,4** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **8** | **0,4** |
| **Скарлатина** | **8** | **0,4** |
| **Вирусен хепатитис Ц** | **5** | **0,3** |
| **Бактериски менингитиси** | **4** | **0,2** |
| **Вкупно** | **939** | **51,1** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници, n=806), учествуваат со 84,2% во вкупниот број на заболени, а со 85,8% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец август 2023 година.

Во текот на август, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколити** со вкупно 556 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 58,1%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 59,2%.

Во однос на претходниот месец јули 2023 (n=430), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од ентероколити за 29,3%, а во однос на месец август 2022 (n=273) се регистрира зголемување за 2 пати.

Во однос на аритметичката средина (n=1.585) се регистрира намалување за 64,9%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2023 (n=1.925), пријавените случаи во август учествуваат со 28,9%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=8.610), ентероколитите учествуваат со 22,4%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2023 (n=1.925) е за 79,1% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=1.075).

На второ место по број на пријавени заболени во месец август се **овчите сипаници**, со 250 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 26,1%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 26,6%.

Во однос на претходниот месец јули 2023 (n=389), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од овчи сипаници за 35,7%, додека во однос на месец август 2022 (n=189) се регистрира зголемување од 32,3%.

Во однос на аритметичката средина (n=204) се регистрира зголемување од 22,5%.

Во вкупниот број на пријавени овчи сипаници во 2023 (n=5.785), бројот на заболените во август учествуваат со 4,3%.

Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=8.610), учеството на овчи сипаници е 67,2%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2023 (n=5.785) е зголемен за 3,5 пати во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=1.636).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во август, најголем број (n=635) припаѓаат на **цревни заболувања** (66,4%; I=34,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=556; 87,6%) и инциденца (I=30,3/100.000), се пријавите за ентероколитиси. Пријавени се и 54 случаи на салмонелози (I=2,9/100.000), 21 случај на бактериски алиментарни инфекции/интоксикации (I=1,1/100.000), 2 случаи на џардијаза и по еден случај на кампилобактериоза и листериоза.

Во месец август, пријавени се 269 случаи (28,1% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 14,6/100.000. Од нив, најголем број, (n=250; 92,9%) и инциденца (I=13,6/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и по 8 случаи на инфективна мононуклеоза и скарлатина (I=0,4/100.000), 2 случаи на легионерска болест и еден случај на менингококна болест (I=0,1/100.000).

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 17 заболени лица (1,8%; I=0,9/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 8 случаи на вирусен хепатитис Б (I=0,4/100.000), 5 случаи на вирусен хепатитис Ц (I=0,3/100.000), и по 2 случаи на гонореја и хламидија (I=0,1/100.000). *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец август, пријавени се два случаи (0,2%; I=0,1/100.000), по еден случај на лајм борелиоза и бруцелоза *(Графикон 3)*.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во август се регистрирани 34 случаи (3,6%; I=1,9/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 25 случаи на шуга (73,5%; I=1,4/100.000), 4 случаи на бактериски менингит, по 2 случаи на Конго-кримска хеморагична треска и вирусни менингитиси и еден случај на вирусен енцефалит (WNV).

Првиот регистриран случај на Конго-кримска хеморагична треска е 47-годишно женско лице од Скопје, кај кое симптомите започнале на 03.08.2023 година, по 7 дена од контакт со позитивен случај регистриран во месец јули.

Вториот пријавен случај на Конго-кримска хеморагична треска е 42-годишно машко лице од Велес, трансфериран од Општа болница Велес. Двете заболени лица се хоспитализирани на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје. За време на престојот, пациентите се симптоматски третирани и лабораториски иследувани при што е докажан причинител на Конго-кримска хеморагична треска во серум, со детектирани IgM и IgG антитела со ЕЛИСА и RNK со RT-PCR.

Случаите се опишани во информацијата објавена на веб страната на ЈЗУ ИЈЗ на РСМ.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во август, 2023***




### *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец август, пријавени се 8 случаи на ХИВ/СИДА, од кои 3 лица се странски државјани со привремен престој во Македонија

Од пријавените лица, 6 се од машки, а 2 од женски пол. Четири лица се од Скопје (вклучително и странските државјани), две лица од Охрид и по едно лице од Гостивар и Струга (*Табела 3 во Прилог*). Лицата се на возраст од 21-55 години. Шест од регистрираните лица се хетеросексуалци, додека две заболени лица се припадници на МСМ популацијата.

Во текот на месец август не се регистрирани смртни случаи од ХИВ/СИДА.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.08.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 620, и тоа:

- 123 лица починале,
- 497 лица живеат со ХИВ/СИДА.

### *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец август 2023 се регистрирани 8 случаи на вирусен хепатитис Б со инциденца од 0,4/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Од регистрираните, 7 случаи на вирусен хепатитис Б според возраста на заболените, не подлежат на имунизација, согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани, додека еден случај подлежи и истиот е вакциниран. Дијагнозата е потврдена лабораториски и клинички.

### СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец август, пријавени се вкупно 112 случаи на COVID-19 (I=6,1/100.000).

Во однос на претходниот месец јули 2023 (n=23), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 4,6 пати, а во однос на месец август 2022 (n=12.354) се регистрира многукратно намалување на заболените.

Од заболените во август 2023, најголем број на заболени (n=34) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (73,4/100.000) се регистрира во Кавадарци. Триесет и пет од заболените лица се реинфекции.

Во текот на месецот пријавено е едно починато лице.

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната групата над 60 години (n=44; 39,3%).

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец август се тестирани вкупно 512 материјали со зголемување на бројот на тестирани за 1,4% во однос на минатиот месец (n=505).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.08.2023, пријавени се вкупно 348.491 потврден случај на COVID-19 (I=18.973,6/100.000) и 9.942 смртни случаи (Mt= 541,3/100.000; CFR=2,9%).

Бројот на аплицирани дози на КОВИД-19 вакцина во текот на месец август 2023 година останува непроменет во однос на претходниот месец.

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец август, до Институтот за јавно здравје пристигната е една пријава за ***епидемија на заразна болест Intoxicatio alimentaris***.

Епидемијата е пријавена од страна на ЦЈЗ Кочани на 16.08.2023 година, кај вработени кои конзумирале храна во фирма за производство во Кочани. Регистрирани се вкупно 7 заболени лица на возраст од 19-49 години, од кои 3 биле хоспитализирани.

ЦЈЗ Кочани во соработка со АХВ и ДСЗИ направи епидемиолошко истражување. Направен е хигиено епидемиолошки увид во објектот, земени се брисеви од вработените и од работните површини и помагала.

Објектот е времено затворен од страна на ДСЗИ. Наложена е комплетна ДДД од страна на овластена институција.

До затворањето на овој извештај, епидемијата се́ уште не е одјавена.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец август **не се регистрирани** смртни случаи од акутни заразни заболувања (не сметајќи ги COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на август, 2023 година во ИЈЗ се пристигнати 1.040 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од територииите на 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=828; 79,6%) и ЦЈЗ Куманово (n=66; 6,3%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец август се: *MRSA (n=257; 24,7%), Salmonella enteritidis (n=105; 10,1%)* и *HPV (n=77; 7,4%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Acinetobacter baumannii, Enterobacter cloacae,ESBL+, Enterococcus, Escherichia coli,ESBL, Klebsiella pneumonaiae ESBL+, Klebsiella spp., Proteus mirabilis ESBL, Pseudomonas aeruginosa, Salmonella enteritidis, Salmonella typhimurium* и *Stenotrophonomas maltophilia.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Струмица и ЦЈЗ Кочани.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец август, ***пристигнати се 14 пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се 10 случаи на ентероколитиси (три рота вирус и еден адено вирус), 3 случаи на салмонелози и еден случај на скарлатина кај лица од Косово, Швајцарија, Украина, Турција, Австрија, Кина и Германија.

Во текот на 2023 година, регистрирани се 25 пријави за акутни заразни заболувања, 15 пријави на ентероколитис, 4 пријави за салмонелози, 2 пријави за АТИ и хепатитис Б и по една пријава на скарлатина и гонореја.

Според земјата од која доаѓаат, 10 лица се од Косово, 5 лица се од Германија, 3 од Швајцарија и по едно лице од Албанија, Норвешка, Италија, Украина, Турција, Австрија и Кина.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К.,***
***Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К.,***
***Трајковска И., Положани Е.,***
***Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М.,***
***Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***